# ИЗВАДОЦИ ОД „ДЕЛА И ДНИ“ НА ЕПСКИОТ ПОЕТ ХЕСИОД





## Обраќање до музите

*Вие Пиериски музи*[1] *на песни што давате слава*
*Ѕевс* спомнете го сега, воспејте го нашиот татко!*
*Бесславни или славни се од него смртните луѓе,*
*Незнајни или знајни по Ѕевсова волја се тие.*
*Крепкост тој лесно давал ил крепкиот в печал го става,*
*гордиот го урива долу, а кутриот го воздига лесно*
*го исправа грбавиот лесно, а моќниот пак ќе го кутне*
*громобиецот Ѕевс*[2] *што живее в дворојте вишни.*
(1-8 стих)

---

[1] Необично е што Хесиод се обраќа на пиерските музи, а не на хеликонските како што тоа го прави во Теогонија, со оглед на тоа што неговата родна Аскра се наога под планината Хеликон. Според митот (Овидиј, Метаморфози, V, 302), Пиеридите се девет зборлести сестри, ќерки на Пиер од Пела кои поради својата возгордеаност биле претворени во девет врескави птици од вистинските музи, керќите на Мнемносина.
[2] Врховен бог кај Хелените, господар на боговите и луѓето.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Пофалба на трудот



*Најдобар човек од сите е оној што од себе спознал*
*Однапред најарно што е и каде не води на крајот,*
*Мошне е добар и оној од зналецот совет што слуша;*
*Оној што не знае ништо и ниту совети од друг*
*На срце сака да прими, безвреден таков е човек.*
*Туку ти овој мој совет за наевек наум си го имај:*
*Сесрдно работи, Персе, ти роде божествен, за да*
*Гладта те мрази, а љуби Деметра[3] смерна со венец*
*прелестен, амбарот твој да го полни со секакви добра:*
*Придружник оти е гладта на чоек неработлив што е.*
*И бози и луѓе го мразат оној што безделен живот води,*
*по нарав налик на трутој што немаат жило,*
*Макота што ја трошат на пчелите, без труд јадејќи.*
*Ти пак работите свои по ред и на време ги врши,*
*Полни за да ти бидат амбарите со плодови латни.*
*Големи стада и имот стекнуваат луѓето со труд*
*Напорно работејќи на бозите помил ќе бидеш*
*Но и на смртните луѓе?*
*Безделниците сите ги мразат.*
*Трудот не е за прекор; од мрзата срами се само.*
*Ако се трудиш, скоро со завист безделникот в тебе*
*Богат ќе гледа: та углед и почест со богатство идат.*
*Каква и среќа да имаш, од работа поарно нема,*
*Ако го одвратиш духот од туѓиот заслепен имот,*
*Добрата свои ги гледаш и трудот, ко што ти велам.*



---

[3] Божица на плодноста на сѐ што е растително, особено на житото.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

(292-317 стих)



# Совети за женидба

*В куќи доведи си жена во вистинско доба штом стасаш*
*Додека сè уште не си на триесетгодишна возраст*
*Или не многу над тоа – за женидба време е токму.*
*Четири години пушти да созрее твојата жена,*
*Петата си ја земи, ко мома, домаќинство да ја учиш.*
*Најарно е од соседство да се жениш*
*Внимавај да не земеш жена за подбив на соседи твои.*
*Ништо од сопруга добра на светот поарно нема,*
*Ама и полошо нешто од зла жена не ќе те снајде,*
*жена од ламтеж што гори при сè што мажот е силен*
*Без оган сув ќе го стори и старост ке му нагрби рано.*
(695-706 стих)

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Совети за живот преку зима

*Немој да одиш кај ковач разговори празни да водиш*
*В зимното доба кога од работа човекот бега*
*Заради студот (в куќи и тогаш домаќинот вреди)*
*Тешка беда да не те в лута притисне зима*
*Та со ослабена рака отечена нога да триеш.*
(493-498 стих)

*Варди се од лошите деној на Ленајон*[4]
*за волојте месец мачен, од мразеви лути*
*што никнат за земјата тогаш*
*в кори, штом ќе се јави ко виот бесниот Бореј*[5]
*кој пак од Тракија*[6]*, земја што коњи храни, се крева,*
*дува по ширното море, а земјата и гората шумат,*
*Висококрасните дабој и елки со ветките густи*
*Кон многуродната земја се веднат штом ветрот низ урви*
*планински дувне, а тогаш шумата огромна јачи,*
*ѕверој наежени врват, опашките свој ги свиле,*
*волната кожа им скрила, но и нив ветрот ги коси.*
(504-513 стих)

Хесиод – Дела и дни
Препев: проф. д-р Витомир Митевски



---

[4] Доцен јануари и ран февруари.
[5] Северен ветер.
[6] Средишни и јужни делови на Бугарија.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски